


Сектор за развој на понуда и маркетинг го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работење во сегментот на развој на продукти, услуги и канали.

Доколку имаш желба и амбиција да се приклучиш на тимот и заедно да ги споделуваме предизвиците на работењето, те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Специјалист за развој на продукти, услуги и канали

**Улога во тимот:**

- **Развој на продукти** - Водење на развојот и унапредувањето на банкарските продукти и услуги со фокус на дигитални решенија. Работа во различни тимови, вклучувајќи технологија, дизајн и маркетинг.
- **Анализа на пазар** - Следење на пазарот и идентификација на нови трендови, потреби на клиентите и следење на конкуренцијата во дигиталното банкарство. Употреба на резултатите за унапредување на карактеристиките на продуктите и услугите со функционалност/дизајн кои ќе ја издвојат понудата на Банката на пазарот.
- **Дигитална стратегија** - Инволвираност во креирањето и следењето на дигиталната стратегија на Банката преку насочување и усогласување на развојот на продукти и услуги во рамките на стратегијата (познавање на клиентите и нивното однесување, познавање на дигиталните канали и искуство во индустријата).
- **Комуникација со засегнати страни** - Комуникација со клучни засегнати страни, вклучувајќи менаџмент, надворешни партнери и корисници. Анализа на барањата и потребите со цел комуникација на визијата на продуктот/услугата и управување со очекувањата и плановите. Работа во тимови за успешна и навремена имплементација на банкарските продукти.
- **Креирање на позитивно корисничко искуство (UX - User Experience)** - Свесност за важноста на дизајнот на продуктот/услугата гледани од аспект на корисник (кориснички поставен дизајн, беспрекорно корисничко искуство, интуитивни и визуелно привлечни решенија).
- **Тестирање на продукти и оптимизација** - Соработка со тимови во насока на контрола на изведбата, квалитет и сигурност преку тестирање на развојот. Анализа на feedback од корисници и користење на резултатите и перформанси со цел оптимизација и постојано унапредување на продуктот.
- **Познавање на индустријата** - Познавање на најновите регулативи и прописи за дигитални банкарски продукти. Задолжителна контрола на запазени правни, сигурносни стандарди и заштита на клиентите/податоците во процесите.

**Потребни квалификации и компетенции:**

- Универзитетско образование;
- Креативно и иновативно размислување (Digital mindset);
- Познавање и користење на нови технологии;
- Познавање и користење на дигитални алатки и напредни алатки за работа со податоци;
- Познавање на банкарските продукти;
- Подготвеност за креативно и иновативно размислување;
- Проактивен пристап, динамичност, иницијативност, мотивираност и насоченост кон реализација/исполнување на цели;
- Одлични организациски вештини;
- Напредни комуникациски и аналитички вештини, способност за тимска работа и самоиницијативност;
- Напредно користење на Office пакетот;
- Одлично познавање на англискиот јазик.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **25.01.2025** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Специјалист за развој на продукти, услуги и канали.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka